Почитуван Г-дине Градоначалник,

По неколку безуспешни обиди да оствариме средба со Вас, и едно писмено обраќање на кое сеуште немаме добиено повратен одговор, решивме повторно да се обидеме да стапиме во контакт со Вас и покрај тоа што сме во неизвесност дали би добиле повратен одговор.

Ние како здружение за заштита на животните, сме формирани со цел да им помогнеме на оние кои се беспомошни и обесправени. Поконкретно, најзасегнати сме околу прашањето во врска со бездомните кучиња и мачки што веруваме е предизвик и за Вас како Градоначалник. Иако постојат Закони за заштита на животните, се чини како да тие постојат само во пишана форма, но не и да се спроведуваат или почитуваат во пракса.

Токму затоа е и нашето обраќање до Вас. За да го решиме проблемот ни треба Вашата помош. Од особено значење и примарна цел ни е да ни се обезбеди соодветно место/простор за згрижување на повредени животни, како и за згрижување на оние кои планираме во иднина да ги стерилизираме и кастрираме со што во наредните неколку години очекуваме да би се намалил бројот на бездомни животни. Се разбира за таа цел ќе ни биде потребна и соработка од нашите граѓани, во смисла да ги чипуваат нивните домашни миленици што е и со Закон пропишано. На тој начин доколку некое милениче биде изгубено, би му било вратено на неговиот сопственик, или пак доколку е напуштено, а претходно чипувано, сопственикот лесно би се открил и би сносел последици заради напуштање на истото. Тоа се чини се наједноставните начини како би се намалил бројот на бездомните животни. Мораме да споменеме дека ни е добредојдена било каква помош од Ваша страна.

Исто така, во претходното наше писмено обраќање до Вас, напоменавме за неодамнешното расфрлување на отров на поголема територија во нашиот град, при што беа отруени голем број животни, како бездомни така и домашни миленици кои случајно се нашле на погрешно место и во погрешно време. Расфрлувањето отров на јавни површини е казниво дело според член 288 од КЗ на РМ.

Исто така, неодамна, добивме неколку анонимни дојави од загрижени граѓани, кои ни дојавија дека во блиска иднина би имало повторно труење на бездомни животни. Ваквата информација засега е неофицијална, но доколку е точна Ве молиме да ги преземете сите неопходни мерки за да би се спречило труењето. Труењето и еутаназијата не се начини за да се намали бројот на бездомни животни кои се нашле на улица не по нивна вина или нивни избор, туку по вина на човекот. Во спротивно, коалицијата од здруженија "Заедно за животните, заедно за граѓаните" составена од Анима Мунди-Скопје, Гласот на животните-Велес, Animal's World-Струга, Анималиа-Охрид, Мали херои-Битола и нашето здружение Втора Шанса-Кочани би биле приморани да бараме други решенија за ваквите нехумани постапки и непочитување на Законите за правата на животните, како што се националните медиуми или во краен случај меѓународни медиуми и здруженија за заштита на правата на животните. Како коалиција, заедно на ниво на Република Македонија имаме околу 40.000 подржувачи, сме релевантен фактор и досега нашите барања се составен дел од многу програми и одлуки на локално ниво, но и во Закони на државно ниво. Нашите подржувачи во очи на изборните кампањи секогаш ќе го дадат својот глас за похуманата опција, па Ве повикуваме да ја изберете вистинската страна.

Знаеме дека како Градоначалник сте премногу зафатени и дека покрај сите ваши обврски овој проблем за вас можеби е тривијален, но и покрај тоа ние најискрено се надеваме дека ќе имате разбирање, ќе бидеме повикани на средба со Вас и ќе изнајдеме заедничко решение за ваквата проблематика. Со изнаоѓање соодветно хумано решение ќе се зголеми и безбедноста на пешаците и возачите зашто секојдневно сме сведоци на прегазени животни кои не го заслужуваат тоа зашто и тие се живи и свесни битија.

Со почит,

Коалиција од здруженија
"Заедно за животните, заедно за граѓаните"

М.П.

ЗЗЖ Втора Шанса - Кочани

Претседател
Благица Митева